РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
16-1035/21
23.12 2025

СПС ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје
Бр. 03/577
17.12. 2025 год.

А Н Е К С бр. 1
кон Договорот за набавка на работи за изведба на системи за непрекинато напојување, заведен под арх. бр. 16-1035/13 од 15.07.2025 година кај Договорниот орган и заведен под арх. бр. 03/312 од 11.07.2025 година кај Носителот на набавката

1. **Министерство за дигитална трансформација,** со седиште на ул. Филип Втори Македонски бр.11, Скопје, застапувано од министерот за дигитална трансформација, **Стефан Андоновски**, во понатамошниот текст: Договорен орган.

и

2. **Друштво за производство, трговија и услуги СПС ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје,** со седиште на ул. Анкарска 33, Скопје, Р. С. Македонија, застапувано од управителот **Сашо Алексоски**, со ЕМБС: 6924719 и ЕДБ:4057014523878 во понатамошниот текст: Носител на набавката

Врз основа на член 119 став (1) точка 3. од Законот за јавните набавки, а во смисла на член 119 став (1) точка 5. Од Законот за јавните набавки и согласно образложението од член 119 став (8) од Законот за јавните набавки заведено под арх. бр. 16-1035/20 од 16.12.2025 година (во прилог) се склучува овој Анекс бр.1 кон основниот договор.

Член 1

Се менува член 5 од основниот договор кој гласи:

„(1) Максимална сума која може да биде искористена согласно овој договор изнесува 23.876.850,00 денари без ДДВ.

(2) Поединечните цени во денари се утврдени во документот спецификација на цени – Прилог кон овој Договор.

(3) Данокот на додадена вредност ќе биде пресметан на денот на фактурирање согласно позитивните законски прописи во државата.".

Член 2

Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот, Носителот на набавката има обврска да ја достави најдоцна до денот на потпишување на овој Анекс, со важност и висината на банкарската гаранција кој изнесува 5% од вкупната вредност на Договорот согласно член 1 од овој Анекс бр.1.

Член 3

Овој Анекс бр.1 стапува на сила на денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Член 4

Овој Анекс бр.1 е составен во 6 (шест) примероци, од кои секоја договорна страна задржува по 3 (три) примерока.

Договорен орган	**Носител на набавката**
Министерство за дигитална трансформација	Друштво за производство, трговија и услуги СПС ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје
Министер, **Стефан Андоновски**	Управител, **Сашо Алексоски**